# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

# МАРТ 2021




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229



# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Забрзувањето на вакцинацијата против Корона вирусот и зголемениот оптимизм дека животот ѝ економијата постепено ќе се вратат на старата нормала, го поттикнаа растот на пазарите на капитал во Европа и Соединатите Американски Држави . Во текот на месец март глобалните пазари на капитал порасна за 2,46% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Најголем раст во текот на месецот имаа европските акции, чија вредност се зголеми за 6,08% (мерени преку STOXX 600 индексот) и акциите на американските компании кои се дел од S&P 500 индексот со раст од 4,24%. Во текот на истиот месец акциите во земјите во развој имаа пад од 1,70% (мерени преку MSCI Emerging Market индексот), а акциите од Азиа - Пацифик регионот ја намалија вредноста 1,46% (мерени преку MSCI Asia - Pacific индексот).

Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаат европските акции со раст од 7,66%.




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави

Извор: Блумберг



КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ




Извор: Блумберг

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се намали за 3,23%, додека кумулативно од почетокот на годината има раст од 2,98%.

Во текот на месецот акции кои имаа значителен пад беа акциите на Гранит Скопје со пад од 18,99%, Стопанска Банка Битола со пад од 13,44% и Македонија Турист со пад од 9,54%, во текот на истиот месец најголем раст имаше акцијата на Алкалоид со раст од 2,10% .

Од почеток на годината најголем пад на вредноста имаат акциите на Гранит со пад од 5,88%, а најголем раст акциите на Комерцијална Банка со раст од 9,25% и акциите на Алкалоид со раст од 8,23% .

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk



Стравот од можно зголемување на стапките на инфлација во иднина, од една страна и изјавите на монетарните власти за продолжување на политиката на ниски каматни стапки доведе до релативно голема волатилност на приносите на државните обврзници од почетокот на годината.

На крајот на месец март највисок принос од анализираните обврзници имаа американската обврзница и македонската со принос од 1,74% и 1,67% соодветно, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,29% и -0,28% соодветно.

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026
Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец март најголем раст во однос на еврото имаше американскиот долар (USD) која ја зголеми вредноста во однос на еврото за дополнителни 2,92%, додека најголем пад имааше јапонски јен (JPY) со пад од 0,93%.

Од почеток на годината најголем раст во однос на еврото имаат британската фунта (GBP) со раст од 5,05% и американскиот долар со раст од 4,14%, а пад имаа јапонски јен (JPY) и швајцарски франк (CHF) кои ја намалија вредноста во однос на еврото за 2,82% и 2,35% соодветно.

